

## Училишно списание

# Збор, два — Стив Наумов

### Годишно издание – учебна 2021/2022

ООУ „Стив Наумов“ – Скопје

ООУ „Стив Наумов“
ул. Лазар Поп Трајков, бр. 28 1000
Скопје
тел.: +389 02 31 74 006
e-mail: ou_stiv_naumov@yahoo.com
Директор: Елизабета Јовановска
Уредник: м-р Мери Тодорова




# Полуматура и првенци

Според Правилникот за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците и врз основа на Законот за основно образование, првенци на генерација 2013/2022 година се учениците Методија Златановски со вкупно 133 бодови и Мина Јанчиќ со вкупно 129 бодови. Со својот успех и вложен труд во континуитет од почетокот на школувањето, во иднина ќе послужат како убав пример кај идните генерации за тоа каков треба да биде ставот кон училиштето и учењето и како се постигнува успех, затоа што стекнатите знаења се трајна вредност и служат во текот на целокупното живеење. Секако, освен првенците на генерација, сите останати ученици кои оваа учебна година беа полуматуранти, покажаа успех и оставија свој единствен белег во училиштето по којшто со радост и задоволство ќе ги помниме.

Оваа учебна година полуматурантите ја прославија матурата и конечно овој, за нив важен ден го доби вистинскиот сјај. На сите полуматуранти им посакуваме многу успеси и светла иднина.






# Првачиња 2021/2022



Драги првачиња, среќно поаѓање на училиште во учебната 2021/2022г

„Ви посакуваме да сте живи и здрави, послушни, вредни и истрајни во учењето и во извршувањето на училишните обврски!“

Како и секоја година, по повод поаѓањето на првачињата во школо и оваа година беше организиран свечен прием, а со искрени желби за солидни постигања и напредување во училиштето и многу успеси во натамошното школување кон присутните родители и ученици се обратија директорката на училиштето, Елизабета Јовановска, градоначалникот на општина Гази Баба, Борис Георгиевски, и одделенските наставнички на паралелките од прво одделение.







# 4а ОДДЕЛЕНИЕ ГО ОДБЕЛЕЖА СВЕТСКИОТ ДЕН НА МИРОТ

Меѓународниот ден на мирот, понекогаш официјално познат и како Светски ден на мирот, е празник одобрен од Обединетите нации, кој се одбележува секоја година на 21 септември. Тој е посветен на мирот во светот, особено на отсуството на војна и насилство, што може да биде резултат на привремен прекин на огнот во борбена зона за пристап до хуманитарна помош.

Денот за прв пат бил прославен во 1981 година и го одбележуваат многу нации, политички групи, воени групи и луѓе. Во 2013 година, Генералниот секретар на Обединетите нации денот го посветил на образованието за мир, клучното превентивно средство за одржливо намалување на војната.








За да се инаугурира денот, Ѕвоното на мирот на Обединетите нации одѕвонува во Седиштето на ООН во Њујорк. Ѕвоното е направено од монети донирани од децата од сите континенти, освен Африка, и било подарок од Здружението на Обединетите нации во Јапонија, како „потсетник за човечката цена на војната“. Натписот којшто е изгравиран на ѕвоното гласи: „Да живее апсолутниот светски мир“.

Во нашето училиште, на 21 септември беше одбележан овој значаен ден, од страна на учениците од 4а одделение, кои заедно со одделенскиот наставник Слободанка Басотова направија изработки кои ја симболизираа и ја поддржаа главната порака – Мир во светот! Нивните активности беа документирани и поставени во видео порака со која сите ние се приклучивме во одбележувањето на Светскиот ден на мирот.





# Недела на децата – Јас избирам здравје, а ти?

Оваа учебна година меѓу низата активности со кои се одбележа манифестацијата наменета за децата, Детска недела (од 4 до 10 октомври, 2021), ја издвојуваме презентацијата на детските права од „Конвенцијата за правата на децата“ презентирана од страна на одделенскиот наставник и координатор за Детска организација – Елизабета Каранфилова и одделенскиот наставник Јордан Петрушевски.

Преку интерактивното излагање првачињата имаа можност за прв пат да се запознаат со правата на децата во светски рамки и со должностите што произлегуваат од истите, за на крајот сѐ да биде заокружено со изложба од ученички ликовни творби на кои што тие самите имаа можност да го илустрираат детското право што им оставило најсилен впечаток.







# ЧЕСТИТ 5-ти ОКТОМВРИ СВЕТСКИ ДЕН НА УЧИТЕЛОТ!!!



5-ти Октомври е денот на учителите, во светски рамки. Да се биде учител, наставник, професор, воспитувач е најблагородната, најубавата, но и најодговорната професија што подразбира огромна посветеност, не само кон младата личност туку и кон оној кому му се потребни знаења, вештини и мотивација.

Учителите им го покажуваат правилниот пат на учениците и ги издигнуваат во личности со високо интелектуални и морални квалитети.

Во нашето училиште „Стив Наумов“ – Скопје, по повод одбележувањето на овој важен ден се организираа пригодни активности со учениците.



# Биди фер, правилно фрлај смет

На ден 10 октомври, 2021г. во нашето училиште беше одржана работилница во рамки на проектот „Биди фер, правилно фрлај смет“.

Организатор на работилницата беше Здружението на економски новинари и истата се одржа он лајн за сите ученици од петто одделение. По успешно реализираната работилница следуваше Награден конкурс  за кој нашите ученици покажаа виден интерес, заземаа активно учество и на наше огромно задоволство освоија  и вредни награди во следните категории:









Категорија: Краток расказ

1 место

Искра Митреска 5в одд.

Категорија: Кратко видео

1 место

Мила Венова 5а одд.



# Биди фер, правилно фрлај смет

Категорија: Лична творба-песна

3 место

Дамјан Тасевски 5б одд.

Благодарници:

Дамјан Тасевски 5б одд.

Тамара Василевска 5в одд.

Јована Јанчиќ 5а одд.

Честитки за нашите ученици и нивните ментори:

Руменка Дејанова - одделенски раководител Vа одд.

Анетка Трајкова - одделенски раководител Vб одд.

Ана Ристовска - одделенски раководител Vв одд.

Марија Лефковска - одделенски раководител IVа одд.






# Милан Стојчевски ја доби довербата за Ученички правобранител

Милан Стојчевски од 7б одделение е избран за Ученички правобранител во ООУ „Стив Наум“ откако ја доби довербата со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање, согласно Законот за основно образование.

За Стојчевски се определија 117 ученици од 216 колку што гласаа на Отворениот повик кој беше затворен на 12 октомври. Во конкуренција на тројца кандидати, тој првото место го освои пред Зорица Станковска (7б одделение) со 65 гласови и Рабија Халим (7в) со 34.

Двајцата ќе му бидат заменици на Стојчевски, кој на оваа функција ќе се задржи 2 (две) учебни години колку што трае мандатот на Ученичкиот правобранител.

Стојчевски ќе се грижи за заштитата и почитувањето на правата на децата во училиштето, ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во и надвор од училиштето (училишен кадар и Народен правобранител).

# Милан Стојчевски ја доби довербата за Ученички правобранител









# „Помислете и на нас“ – кампања за борба против гладта

Под мотото „Помислете и на нас“, подмладокот на Црвениот Крст на училиштето традиционално се вклучува во Кампањата за борба против гладта.

Да се биде хуман и солидарен и да се помогне на гладните беше целта на годинешната собирна акција на храна, а истата ќе биде доделена на учениците од нашето училиште и нивните семејства кои во моментов имаат потреба од помош и поддршка.

Благодарност до сите ученици, родители и наставници кои дадоа придонес за успешна реализација на оваа активност која промовира колективна и индивидуална емпатија и општествена одговорност.



Помислете и на нас

ООУ„Стив Наумов“

НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ГЛАДТА

*По повод 16 Октомври- „Светскиот ден за борба против гладта“*

ООУ ,,Стив Наумов“ и Подмладокот на Црвениот Крст во периодот од 18-ти до 22-ри месецов, ќе спроведе акција за собирање храна.

Ги повикуваме сите ученици, родители и наставници кои сакаат да се приклучат кон кампањата „Помислете и на нас“, во текот на оваа недела да донираат по еден прехрамбен производ (пр.масло за готвење, конзерва грашак, кесичка тестенини, ориз, грав, паштета, кг.шеќер, кг.брашно, тегла ајвар и сл.

Производите може да се оставаат на штандовите кои ќе бидат поставени на сите влезови од училиштето.

Прехрамбените производи донирани во кампањата ќе бидат наменети за учениците од социјално загрозените семејства од училиштето.





## Патрониот празник на нашето училиште – 27 Октомври

Како сите години претходно, така и оваа, без разлика на глобалната ситуација, сепак за сите нас овој ден има голема важност затоа што имаме чест наш патрон да биде Стив Наумов, кој својот млад живот го положил за својата татковина и прераснал во народен херој. Неговиот пример на родољубие и пожртвуваност одекнува низ историјата до ден денес, а ние сме горди што сме негови наследници и ја живееме неговата огромна љубов кон својата земја и својот народ.



За таа цел, оваа учебна година беше подготвено видео со многу содржини во чест на Стив Наумов и неговата храброст. Учество зедоа ученици и нивните ментори од нашето училиште, а Мери Тодорова, која е библиотекар во нешето училиште беше одговорно лице за подготвување на видеото. Се надеваме дека ќе уживате во содржините на програмата која ја подготвивме за вас, во чест на овој убав светол ден. Видеото можете да го проследите и на следниот линк: https://youtu.be/wzuqJp24W-M













# 20 Ноември – Светскиот ден на детето

По повод 20 Ноември – Светскиот ден на детето во нашето училиште, ООУ „Стив Наумов“ беа реализирани разновидни пригодни активности за негово достојно одбележување, а преку нив учениците имаа можност и да се потсетат на „Конвенцијата за правата на децата“:

- Читање реферат и стихотворби за децата преку разглас – Сара Ангелковска, Мила Ангелковска и Ива Ѓорѓиевска од 6а одд;
- Уредување на училишно пано – одговорни одделенски наставници беа Руменка Дејанова, Јулијана Печевска и Љубинка С. Петрушевска;
- Изработка на плакат за 20 Ноември – учениците од 3а одд. со одделенскиот наставник Гордана Мацкова;
- Изработка на флаери за детските права – учениците од 1а одд. со одделенскиот наставник Ивана С. Спасиќ;
- Презентација за „Конвенција за правата на децата“ - учениците од 1б одд. и одделенскиот наставник и координатор за Детска организација Елизабета Каранфилова.

# Отворен ден на граѓанското образование во ООУ „Стив Наумов“

Промовирање на ученичките иницијативи на Отворен ден на граѓанско образование во ООУ „Стив Наумов„ чија цел е поттикнување на одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата, како и преземање активности за позитивни промени.

- Отварање на Клуб за учење и дружење-„Блесок“ во рамки на проектот „Редовно на часови“, Акција за вклучување на Ромите во основното образование, финансиран од Европската Унија, а го спроведува Фондацијата Отворено општество – Македонија во партнерство со  Здружението Центар за образовна поддршка Дендо вас и Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“.



„Катче за одмор и дружење“ на учениците во рамки на  Кампањата за развивање свест за чување на училишниот инвентар под мотото „Чувствувај се и однесувај се како дома“. Иницијативата е поддржана од страна на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“,во рамки на проектот „Да ги земеме правата во наши раце“  финансиран од Шведската Влада и Save the children-Kosovo.

- Иницијатива на училишниот Клуб за едукација и превенција на Црвениот Крст на Македонија за помош и поддршка на социјално загрозените семејства  преку хуманитарна акција за собирање храна  под мотото „Помислете и на нас“ - Кампања по повод 16 Октомври - Светскиот ден за борба против гладта.

# М А Р Т И Н К А – Црвено - бела амајлија

Во минатото, првиот ден од месец март Македонците го славеле како празник на пролетта, љубовта, цвеќињата и убавината. Во чест на Први март, девојките и жените плетеле алки − Мартинки. Мартинка е декорација од засукани конци кои се ставаат на 1 Март за здравје, во Македонија и неколку други народи од Балканот, што е заедничка нишка,што го поврзува овој дел од Европа.

Традиционално секоја година во  просториите на општина Гази Баба се организира изложба и избор на најдобра креација на паноа со најубави мартинки,во која зема учество и нашето училиште ООУ „Стив Наумов” - Скопје. Учениците ги изразија своите креативни идеи и способности. Најуспешните беа однесени во општината Гази Баба. Останатите мартинки беа изложени на училишното пано. Одговорен одделенски наставник беше Руменка Дејанова.












# 21 Март – Ден на Екологијата

Посакуваме добредојде на пролетта и ги одбележуваме деновите на екологијата.

Учениците од ООУ„Стив Наумов "- Скопје активно се вклучија во нивно одбележување на Денот на пролетта и екологијата. За таа цел, учениците преку изготвување на презентации го одбележаа овој ден, изработка на еко пораки, читање на реферат, изработка на скулптури од рециклирани материјали, литературни творби на тема Екологија, како и во акцијата за расчистување на сметот и сувите гранчиња во училишниот двор. Исто така учениците ја раскопуваа замјата околу садниците и засадија нови садници на претходно подготвени места.

Целта за реализација на овие активности е истакнување на важноста на овој значаен ден од еко-календарот и подигање на еко-свеста кај учениците за значењето на екологијата и природата за животот на сите нас.

Животната средина нѐ спојува сите нас. Сите ние го дишеме истиот воздух, растеме и живееме под истото сонце, имаме еден заеднички дом – планетата Земја. Тоа е нашето наследство и нашата иднина, затоа сите заедно треба да ги заштитиме.

Преку нивните одлични креативни изработки потсетуваат на сите оние работи кои несмееме да ги заборавиме:

- да ја чуваме природата, отворено да зборуваме за неправдата која ѝ ја нанесуваме на природата, но и заедно сите да делуваме како би ја прекинале истата,
- да се грижиме за околината и природата значи сметот да го фрламе на точно одредено место,
- повеќе да се возат велосипеди, да употребуваме еколошки неотровни средства за домаќинство,
- да засадуваме нови садници и да ја развиваме нашата еколошка свест неопходна за да се придонесе за почиста околина и поздрава средина.

# 21 Март – Ден на Екологијата























# 21 Март - Меѓународен ден на шумите

Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, го одбележа Меѓународниот ден на шумите заедно со учениците од петто Б одделение од ООУ „Стив Наумов“ – Општина Гази Баба.









Покрај интересните предавања за улогата и значењето на шумите, како и запознавањето на факултетските збирки за инсекти и за диви животни, посетителите, заедно со членовите на факултетот, ја збогатија живата колекција на дрвенести растенија – дендропаркот, со нови четири претставници од урбаната дендрофлора: култивари на црвенолисна бука, воден габер, бел бор и на украсно многуцветно јаболко. Одговорен одделенски наставник беше м-р Анетка Трајкова.







# Априлијада 2022 – Дефиле на маски

Со исполнети срца, ведри насмевки, неизмерна радост, шаренило од маски и позитивно расположение, возбудено чекорејќи со своите одделенски наставнички на дефилето на маски, и учениците од нашето училиште го одбележаа Денот на шегата – 1 Април.



















# Учество во „Ѕвон“, контактно-училишна емисија за деца

На 07.04.2022 год. дел од учениците од второ, четвртто, петто, шесто, осмо и деветто одделение учествуваа во контактно – училишната емисија „Ѕвон“ на покана од уредникот Татјана Ласковска.

Учениците го претставија своето основно општинско училиште – ООУ „Стив Наумов“, а воедно и активности во рамките на проектите „Ученички иницијативи“ и „Еколошка едукација во Македонскиот образовен систем“.










Се презентираа содржини од страна на талентираните ученици од областа на музиката (модерен танц, хип-хоп, ритмичка кореографија), драмската секција (драматизирање на извадок од лектирата Гоце Делчев) како и знаење од областа на техничко образование (презентирање на сопствени креативни изработки) и природните науки (презентирање на животниот циклус на цветните растенија и нивните фази на развој).

Учесниците покажаа голема креативност, а посебен акцент беше ставен на едуцирањето и другарувањето. Координатор беше одделенскиот наставник Андријана Стефановска.

# Проект „Кучето и детето да бидат весели и безбедни пријатели“

Во просториите на нашето училиште, во период од  25 мај, 2022г. до 01 јуни, 2022г., во рамки на проектот „Кучето и детето да бидат весели и безбедни пријатели“ беа одржани работилници во сите паралелки од прво до петто одделение.

Идејата и реализацијата на проектот е на ЗДР „За подобар свет“- Скопје и истиот е подржан од општина Гази Баба.

Робет Петрушевски, ветеринар-едукатор одржа работилници со секоја паралелка од одделенска настава поединечно, со цел да ги запознае учениците со:

- правилна грижа за домашните миленичиња;
- придобивки од заедничкиот живот на детето и кучето;
- ситуации во кои треба да се избегнува контакт со куче;
- начини на кои се приоѓа на куче (домашно или улично);
- постапки, односно начини на кои треба да реагираат во случај на напад од куче или чопор;
- запознавање со работата и услугите кои ги нуди здружението „Лајка“ итн.

На работилниците беа присутни и две домашни кучиња за да можат учениците директно, во контакт со куче, да ги увидат нештата за кои беше разговарано. Одговорен наставник беше Ана Ристовска.

# Проект „Кучето и детето да бидат весели и безбедни пријатели“



# Одбележан светскиот ден за заштита на животната средина „Грижа за животната средина“

На 6 јуни 2022 година општина Гази Баба и друштвото за управување со отпад – Нула отпад организираа еколошката активност за одбележување на Светскиот ден за заштита на животната средина под мотот „Гази Баба се грижи за животната средина“.

Заедно со Друштвото за управување со отпад – Нула отпад кој заедно со учениците од општинските основни училишта „Дане Крапчев“ и „Стив Наумов“ испративме порака за Заштита на животната средина.

Учениците од еко тимот од ООУ „Дане Крапчев“ и учениците од ООУ „Стив Наумов“, кој на своите штандови имаа повеќе активности од областа на заштитата на животната средина.

Гази Баба се грижи за животната средина !!!

Главна цел на настанот е да се мотивира намалување на создавање на отпад!!!

Одговорни наставници за организирање на овој настан од нашето училиште беа Ивана Саздова – одделенски наставник и Марина Грамова – наставник по географија.



# Еколошка акција – Пријателство со природата







Општината Гази Баба во партнерство со Амбасадата на Република Словенија и Земјоделскиот институт – Скопје организира настан за чистење на природно рекреативниот дел (парк шумата) во општина Гази Баба – Скопје, насловен како Пријателство со природата што се одржи на 8 јуни 2022 год. со времетраење од 09:00 до 12:00 часот.

Целта на настанот е да се подигне свеста кај младите од основното образование за зачувување на животната средина, Видео разговор помеѓу децата од основните училишта од Гази Баба и ОУ од Словенија, како и за значењето на живиот свет, преку акција за чистење на парк шумата во Општина Гази Баба од отпадоци и едукативно-интерактивни содржини на отворено.

На акцијата учествуваа ученици од ООУ Стив Наумов и наставниците (Марина Г. и Ивана С.) и ООУ Глигор Прличев. Интерактивните активности имаа различни теми: Фито група – учење за растенијата. Собирање на различни растенија, подготовка на креативни цртежи во комбинација со растенијата, разговор со менторот, начин на подготовка на хербариум, правење на фотографии од групата и избор на 10 најуспешни фотографии наменети за постирање на социјалните мрежи на организаторите. Одредување на латинските имиња на растенијата. Ентомолошка група – учење за инсектите. Сликање на инсекти, посматрање на инсекти со бинокулар, разговор со менторот, избор на 10 најуспешни фотографии наменети за постирање на социјалните медиуми.







Градинарска група – учење за градинарството. Садење на градинарски растенија. (материјалите за садење ќе ги обезбеди Земјоделски институт), разговор со менторите, со акцент на важноста на автохтоните сорти на градинарски растенија, правење на фотографии од групата и избор на 10 најуспешни фотографии наменети за постирање на социјалните групи на организаторите. Овоштарска група – учење за овошјата, здравата храна, значење на автохтоните сорти на овошки. Одредување на латинските имиња на овошките. Правење на фотографии од групата и избор на 10 најуспешни фотографии наменети за постирање на социјалните мрежи на организаторите.

Се надеваме и во иднина соработката ќе продолжи, а најважно е учениците да ја сакаат и чуваат ПРИРОДАТА!!!

На 11.02.2022 online се одржа Општинскиот натпревар по природни науки

Наградите за Општинските натпревари се во зависност од максималните освоени бодови во категоријата на оваа категорија, а се распределуваат во проценти од максималните бодови (50).

Во IV и V одделение доделени се награди:

од 86 – 100% – Прва награда

од 76 – 85% – Втора награда

од 56 – 75% – Трета награда

од 41 – 55% – Пофалница

Останатите учесници добиваат потврда за учество.

Учениците кои учествуваа на натпреварот ги постигнаа следниве резултати:

4б одд. Матеа Јанкулоска 39 - 80% II место

4б одд. Кристијан Карасарлидис 31- 63% III место

5б одд. Максим Маринковиќ (прва награда)

5б одд. Тамара Василевска (прва награда)

5б одд. Никола Демјански (прва награда)

5б одд. Лука Терзиќ (втора награда)

5б одд. Ивана Накова (втора награда)

5б одд. Ана Петковска (втора награда)

5б одд. Искра Митреска (втора награда)

5б одд. Искра Тасевска (трета награда)

5б одд. Неда Стојчевска ( трета награда)

5б одд. Јана Коџобаши (трета награда)

5б одд. Петар Цветкоски (пофалница)

5б одд. Ема Трагачевска (пофалница)

Ментор беше одделенскиотт наставник Марија Лефковска во соработка со предметниот наставник по природни науки, Даниела Денковска.

## Максим Маринковиќ и Никола Демјански обезбедија сертификат од проектот „ENO Weather week“

Нашите вредни ученици од 5б одделение заедно со нивниот ментор, одделенскиот наставник Анетка Трајкова, активно се вклучуваат и во меѓународни проекти за што показател се и добиените меѓународни сертификати од проектот „ENO Weather week“ за учениците Никола Демјански и Максим Маринковиќ

## Општински натпревар по хемија

Општински натпревар по хемија - учебна 2021/2022 година

- Тамара Јовевска 9в одделение - диплома за трета награда
- Јана Петровска 9в одделение - пофалница за успешно учество
- Ирина Стојановска 9в одделение - пофалница за успешно учество

# Општински натпревар по математика

Натпреварот се одржа онлајн, со времетраење од 120 минути. Согласно критериумите за наградување според постигањата, наградени се 15 ученици и освоени се: 7 први места, 2 втори места, 3 трети места и 3 пофалници.

Организатор на натпреварот: Сојуз на математичари на Македонија;

Датум на реализација: 19 февруари, 2022 година;

Број на учесници од од IV-IX одделение од ООУ„Стив Наумов“, вкупно 22 ученици.

Лео Андов 4б одд. - I место

Марко Стојевски 4б одд. - I место

Матеа Јанкулоска 4б одд. - учество

Матеа Несторовска 4б одд. - учество

Јана Јовановиќ 4б одд. - учество

Ментор: Марија Лефковска – одделенски наставник

Максим Маринковиќ 5б одд. - I место

Никола Демјански 5б одд. - I место

Тадеј Трајковски 5б одд. - пофалница

Јана Станковска 5б одд. - пофалница

Искра Тасевска 5б одд. - учество

Ментор: Анетка Трајкова – одделенски наставник

Софија Гудумановски 6а одд. - I место

Мелани Николова 6а одд. - II место

Дејана Петреска 6а одд. - учество

Марија Трпинова 6б одд. - III место

Лина Петрушевска 6в одд. - I место

Меланија Младеновска 6в одд. - учество

Никола Тоневски 6г одд. - III место

Ментор: Даниела Димишковска – предметен наставник

Милан Стојчевски 7а одд. - III место

Јаков Лефковски 7в одд. - учество

Ментор: Олгица Ристовска – предметен наставник

Ѓорѓи Цветковски 8б одд. - I место

Ангела Боева 8в одд. - II место

Ментор: Даниела Димишковска – предметен наставник

Методија Златановски 9г одд. - пофалница

Ментор Даниела Моневска

# Општински натпревар по англиски јазик

На општинскиот натпревар по англиски јазик, одржан на 19 март, 2022 година, учениците од нашето училиште ги постигнаа следните резултати:

Горјан Давчевски 5в одд. - второ место,

Ментор: Бојана Митевска – предметен наставник

Никола Тоневски 6г одд. - прво место

Лина Петрушевска 6в одд. - второ место

Ана Аџиска 7б одд. - прво место

Стефан Мишевски 7в одд. - прво место

Ментор: Татјана Арсова – предметен наставник

Ана Николовска 8в одд. - второ место

Теодора Наумовска 8г одд. - трето место

Лела Савевска 9в одд. - прво место

Ментор: Благица Блажеска – предметен наставник

Честитки за посветеноста и успехот и со среќа учеството на регионалниот натпревар.

# Регионален натпревар по математика

Организатор на натпреварот: Сојуз на математичари на Македонија; ООУ„Браќа Миладиновци“, с.Миладиновци, Илинден

Датум на реализација: 26.03.2022 година;

Број на учесници од од IV-IX одделение од ООУ„Стив Наумов“, вкупно 13 ученици.

Натпреварот се реализираше со физичко присуство на учениците во ООУ „Браќа Миладиновци“, Миладиновци, Општина Илинден, со времетраење од 120 минути. Согласно критериумите за наградување според постигањата, наградени се 11 ученици од ООУ „Стив Наумов“, Скопје и освоени се: 1 второ место, 6 трети места и 5 пофалници.

Лео Андов 4б одд. - III место

Марко Стојевски 4б одд. - пофалница

Ментор: Марија Лефковска – одделенски наставник

Максим Маринковиќ 5б одд. - III место

Никола Демјански 5б одд. - III место

Ментор: Анетка Трајкова – одделенски наставник

Мелани Николова 6а одд. - пофалница

Софија Гудумановски 6а одд. - учество

Марија Трпинова 6б одд. - III место

Лина Петрушевска 6в одд. - учество

Никола Тоневски 6г одд. - III место

Ментор: Даниела Димишковска – предметен наставник

Милан Стојчевски 7а одд. - пофалница

Ментор: Олгица Ристовска – предметен наставник

Ѓорѓи Цветковски 8б одд. - III место

Ангела Боева 8в одд. - пофалница

Ментор: Даниела Димишковска – предметен наставник

Методија Златановски 9г одд. - II место

Ментор: Даниела Моневска – предметен наставник

Вкупно 4 ученици од VI – IX одделение ги исполнуваат условите за освоено најмалку III место и ќе имаат можност да го претставуваат нашето училиште учествувајќи на Државниот натпревар по математика што ќе се одржи на 14 и 15 март, 2022 година.

# Општински натпревар по географија

На Општинскиот натпревар по географија, 2022 година, во организација на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“, се одржа на 26 март, 2022 година, во 13 часот.

Нашето училиште го преставуваа учениците Мила Ангелковска, Лина Петрушевска и Петар Златковски, ученици од 6 одделение под водство на ментор м-р Марина Грамова.

Лина Спасовска и Јована Мерџановска, од 8 одделение под водство на ментор на Анета С. Николовска.

Учениците Лина Петрушевска и Јована Мерџановска обезбедија пласман и учество на регионалниот натпревар кој ќе се одржи на 21 мај, 2022 година.

## Натпревар по природни науки за 4 одделение

Државниот натпревар по природни науки се одржа на 28.05.2022 со физички присуство на Природно – математичкиот факултет.

Ученикот Марко Стојевски од IV б одд. ја освои третата награда со 38 бода – 78%.

Наградите се во зависност од бројот освоени бодови за секоја категорија, а се

распределуваат во проценти од максималниот број на освоени бодови (49).

Прва награда – (од 91 до 100%)

Втора награда – (од 81 до 90%)

Трета награда – (од 71 до 80%)

Пофалница – (од 51 до 70%)

Ментор: Марија Лефковска – одделенски наставник

# Натпревар по природни науки

Регионалните натпревари по Природни науки за 4 и 5 одд. се одржаа на 2 април, 2022 година, со физичко присуство (тестирање од училиште) со ClassMarker во училници на Teams платформа, на кои со право на учество на Државниот натпревар по Природни науки, се стекнаа двајца ученици од нашето училиште, останатите учесници на регионалните натпревари се стекнаа со следниве резултати:

Од 4 одд:

Марко Стојевски 4Б одд – 41 прашање – 84% (втора награда) – Пласман на Државен натпревар

Матеа Јанкулоска 4Б одд – 35 прашања – 71% (трета награда)

Кристијан Карасарлидис 4Б одд – 34 прашања – 69% (пофалница)

Од 5 одд:

Искра Митреска 5в одд – 41 прашање 85% втора награда – втор критериум (пласман на Државен натпревар)

Никола Демјански 5б одд – 39 прашања – 81% (трета награда)

Тамара Василевска 5в одд – 37 прашања – 79% (трета награда)

Неда Стојчевска 5в одд – 36 прашања – 75% (трета награда)

Ана Петковска 5в одд – 35 прашања – 73% (трета награда)

Ема Тргачевска 5в одд – 33,5 прашања – 70% (пофалница)

Јана Коџобаши 5б одд – 32,5 прашања – 68% (пофалница)

Искра Тасевска 5б одд – 30 прашања – 63% (пофалница)

Максим Маринковиќ 5б одд – 30 прашања – 63% (пофалница)

Петар Цветкоски 5б одд – 26 прашања – 54% (пофалница)

Лука Терзиќ 5в одд – 24 прашања – 50% (учество)

Ивана Накова 5в одд – 18 прашања – 38 % (учество)

Искрени честитки до учениците за нивната ангажираност за учеството и остварениот успех на овие натпревари (општински и регионален).

Посакуваме успешни подготовки и висок пласман на Државниот натпревар кој ќе се одржи на 28 мај, 2022 год. на Природно – Математичкиот факултет, со физичко присуство.

Ментори: Марија Лефковска – одделенски наставник и Даниела Денковска – предметен наставник.

# Европски квиз на пари

Македонската банкарска асоцијација следејки го примерот на другите европски земји по четврти пат го организира националниот натпревар „Европски квиз на пари“ на 24 март, 2022 година, во 12:30 часот, на македонски јазик.

„Европскиот квиз на пари“ во услови на корона криза се спроведе на начин различен од претходно утврдениот, односно:

– Право да се натпреваруваат имаат учениците од класовите пријавени на јавниот повик кој Македонската банкарска асоцијација го објави во јануари 2022 година.

– Учениците од пријавените класови ќе се натпреваруваат од својот дом и секој тим ќе се најави со пинот кој ќе го даде Банкарската асоцијација и ќе се натпреварува како тим од двајца натпреварувачи.

– Натпреварот ќе се одржи преку електронската платформа Kahoot! со емитување на натпреварот преку официјалниот канал на Kahoot! на YouTube

– Сите прашања ќе бидат со понудени одговори од кои само еден ќе е точен

– Освен точноста ќе се калкулира и брзината на натпреварувачот при одговарање.



Од ООУ„Стив Наумов“-Скопје и оваа учебна година беа пријавени ученици од 8 и 9 одделение и тоа

8б одд. - 20 ученици

9в одд. - 28 ученици

или вкупно 48 ученици од училиштето под менторство на наставничките по математика Олгица Ристовска и Даниела Моневска. Пријавувањето на учениците беше 01 февруари, 2022 година. На учениците имаа посочени материјали за учење и во соработка со менторите дискутираа и усвојуваа знаења од областа на банкарството, осигурувањето, кредити и кредитни картички, депозити.

Целта на натпреварот и на проектот воопшто е подигнување на финансиската едукација кај ученици од 13 до 15 години.

На 11 февруари, 2022 беше извршено пријавување на тимови за натпреварот „Европски квиз на пари“. На 24 февруари, 2022 со почеток во 14:00 часот преку Webex платформата учениците заедно со своите ментори учествуваа на е-работна средба за подготовка за овогодинешниот Европски квиз на пари на покана на Македонската банкарска асоцијација во соработка со Народната банка и Комисијата за хартии од вредност. На 14 март, 2022г., Македонската банкарска асоцијација достави список со шифри (nickname) за ЕКП за сите учесници.

На националниот натпревар „Европски квиз на пари“ кој се оддржа на 24 март, 2022 година, во 12:30 часот, на македонски јазик, пријавени беа следниве ученици:

Јана Петровска

Стефанија Петковска

Дина Тахир Богатиновска

Ања Ројчинова

Дариа Саздова

Сања Трајчевска

Тамара Јовевска

Ирина Стојанова

Деница Лотеска

Лела Савевска

Његош Јокиќ

Емили Шерман

Антонија Теовска

Теодора Хаџи Димовска

Моника Цветановска

Елена Крстева



На натпреварот учествуваа 879 ученици (439 тимови) на возраст од 13 до 15 години од повеќе основи и средни училишта од целата земја.Најдобро пласираниот тим од нашето училиште го освои 19-то место.

Постапката за користење на Kahoot! е едноставна, во договореното време, на 24 март, 2022 година, во 12:30 часот, за македонски јазик, и во 12:00 часот за албански јазик, учесниците можат да се вклучат на натпреварот:

– со посета на линкот на YouTube, каде ќе биде објавен посебен пин за секоја земја;

– ќе се пријават на Kahoot! со пинот кој ќе го даде Банкарската асоцијација и секој тим како код ќе ги внесе шифри (nickname) и ќе пристапи на натпреварот.

Координатори и ментори на натпреварот беа предметните наставници Даниела Моневска и Олгица Ристовска.

# Натпревар по математика – КЕНГУР 2022

На 24 март, 2022г. во нашето училиште се одржа меѓународниот натпревар КЕНГУР 2022, на кој зедоа учество ученици од прво, второ, трето, четврто и петто одделение. Во текот на неделата пред натпреварот најпрво претходеа подготовки кои се однесуваа на реализирањето на истиот, а натпреварот беше со физичко присуство. Учениците беа организирани во две групи и беа распределени во две училници (во една група беа учениците од прво, второ и трето одделение, а во друга беа учениците од четврто и петто одделение) односно, ваквата распределба беше поради содржината на тестовите според возраста на учениците, а воедно и поради поуспешно реализирање на натпреварот.

Натпреварот започна во 11.00ч, а заврши во 12.15ч, при што учениците навремено започнаа со решавање на тестовите.

На самото место беа присутни одговорните наставници (членови на државната комисија за КЕНГУР 2022) – Љубинка С. Петрушева, Мери Тодорова Младеновска, Благица Илиевска и Анетка Трајкова кои се придржуваа до однапред предвидените правила за одржување на натпреварот, така што регуларноста во спроведувањето на истиот беше обезбедена, учениците беа правилно распределени и воедно беше обезбедена тајноста на работата на секој ученик поодделно.

Натпреварот течеше во пријатна атмосфеара и беше успешно реализиран.

Повеќе од учениците кои учествуваа на натпреварот освоија трети места.

## Натпревар по применета хемија и електроника

На регионален натпревар по применета хемија кој се одржа на 17 април, 2022г., ученичката Тамара Јовевска од 9в одделение го освои првото место.

На регионелен натпревар во областа електроника кој се одржа на 17 април, 2022г., ученикот Максим Петков од 9в одделение го освои првото место.

# Државен натпревар по природни науки за 4 и 5 одделение

Државниот натпревар по Природни науки кој се одржа на 28. мај, 2022 год. со физичкоприсуство на Природно – математичкиот факултет во Скопје учествуваа ученици од нашето училиште ООУ “Стив Наумов” – Скопје:

Марко Стојевски од 4 одделение

Искра Митреска од 5 одделение

Наградите се во зависност од бројот освоени бодови за секоја категорија, а се распределуваат во проценти од максималниот број на освоени бодови.

Прва награда – (од 91 до 100%)

Втора награда – (од 81 до 90%)

Трета награда – (од 71 до 80%)

Пофалница – (од 51 до 70%)

Останатите учесници добиваат потврда за учество.

Нашите учениците го постигнаа следниот пласман:

Марко Стојевски од 4б одд. – третата (III) награда со 38 бода – 78%.

Ментор: Марија Лефковска

Искра Митреска од 5в одд – потврда за учество со 20 бода – 48%.

Ментор: Даниела Денковска

Искрени честитки до учениците и учесниците, а воедно честитки за учеството и постигнатиот успех!

Ментори: Марија Лефковска одделенски наставник во 4 одделение и Даниела Денковска – наставник по Природни науки во 5 одделение

# СЕ ОДРЖА ДРЖАВНИОТ НАТПРЕВАР ПО ГЕОГРАФИЈА 2022

Државниот натпревар по географија, 2022 година, во организација на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ„ се одржа на 04 јуни, 2022 година.

Нашето училиште го преставуваше Јована Мерџановска, ученичка од 8 одделение под водство на ментор Анета Серафимова-Николовска.

Ученичката Јована Мерџановска го заврши натпреварот со освоена пофалница.

Претходно на Регионалниот натпревар по географија, 2022 година, нашето училиште го преставуваа Лина Петрушевска, ученичка од 6 одделение под водство на ментор м-р Марина Грамова и Јована Мерџановска, ученичка од 8 одделение под водство на ментор Анета Серафимова-Николовска.

Ученичката Лина Петрушевска го заврши натпреварот со освоена пофалница, а ученичката Јована Мерџановска освои второ место и обезбеди пласман и учество на државниот натпревар.

# Нашата ученичка Ана Колевска чудо од дете на подиумот за танц






Ана Колевска има само десет години, а веќе има освоено околу 34 медали и речиси двојно повеќе дипломи, точно 70. Таа е член на Т.С.К. „Ритам плус“ каде активно игра латино-американски танци. Ана е ученичка во 4а одделение во ООУ„Стив Наумов“, во населба Автокоманда. Таа е вредна и одлична ученичка која покрај училишните обврски успева да се посвети и на танцот, а тоа го прави со голема љубов и дисциплина. Сите ние сме горди на успесите на Ана и ја поддржуваме нејзината работа и труд во понатамошното градеење на кариерата.

Ова е само дел од сторијата за Ана.

Целиот текст може да го прочитате на style.mk.